**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр. 11-382**
**26.10.2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 143 став 5 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3888/1 од 19.10.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на обврските од член 143 од истиот Закон, од страна на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница, одржана на 21.10.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3897/3 од 21.10.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, заради тоа што во својот програмски пакет не ги обезбеди програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, кои задолжително и бесплатно треба да ги содржи, согласно член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), што е казниво по член 148 став 1 точка 27 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3888/1 од 19.10.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што во програмскиот пакет задолжително и бесплатно ќе ги вклучи сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за преземање мерка – јавна опомена.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор

(мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 15.10.2020 година, изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, при што констатираше дека наведениот оператор во својот програмски пакет не ги обезбеди сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои задолжително и бесплатно треба да ги содржи согласно член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3888/1 од 19.10.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 143 став 5 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-3888/1 од 19.10.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што во програмскиот пакет задолжително и бесплатно ќе ги вклучи сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по решението за преземање мерка - јавна опомена.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.11-3888/1 од 19.10.2020 година.

Доставено до:
- Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје;
- Управителот/одговорно лице на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје;
- Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на РС Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20), се доставува

19.10.2020
11 3988 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**1. Програмскиот надзор се врши како:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје

**3. Датум на извршување на надзорот:** 15.10.2020 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската утврдена во следниот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на РС Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20):

4.1. член 143 став 5 - „Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис".

**5. Претходно изречени мреки:** нема

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2", „ МРТ 3", „ МРТ 4" и „МРТ 5", што е спротивно на член 143 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје ќе му изрече мерка јавна

опомена и ќе му наложи во рок од 30 (триесет) дена од приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги вклучи сите прграмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомените (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**